РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR
DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 11-3613/2
26-07-2021 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

АНЕКС бр. 3

на Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Рибничка со реф. бр. 7, бр. 11-4342/1 од 07.05.2015 година

Склучен на ден ____________ година, во Скопје помеѓу:

**Влада на Република Северна Македонија**, застапувана од Министерот за животна средина и просторно планирање Naser Nuredini,, во понатамошниот текст "Давател на концесија" или "Концедент, и

**Друштво за производство на електрична енергија "ГЛОБАЛ ЕНЕРЏИ" ДОО Скопје**, како трговско друштво за посебна намена согласно соодветен закон на Република Северна Македонија, со единствен даночен број 4043017522197, и со седиште на ул.„1632" бр.46, Скопје-Општина Гази Баба, Република Северна Македонија, од управителот Сашо Митевски, во понатамошниот текст "Концесионер", а со заеднички назив "Страните".

Врз основа на член 41 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), член 5 став (3) и член 77 од Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Рибничка со реф.бр.7, бр. 11-4342/1 од 07.05.2015 година, а врз основа на барање и приложена документација од страна на концесионерот за продолжување на рокот за изградба на малата хидроелектрична централа, прифатени од Владата на Република Северна Македонија со Заклучок усвоен на Осумдесет и шестата седница одржана на 06.07.2021 година, Договорните страни го склучија овој Анекс бр. 3 кон Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Рибничка со реф. бр. 7, бр. 11-4342/1 од 07.05.2015 година со Анекс бр. 11-324/1 од 12.01.2018 година и Анекс бр. 2 кон Договорот за концесија со број 11-3445/1 од 17.06.2019 година, (во понатамошниот текст Договор за концесија).

Член 1

Рокот од 3 (три) години за изградба на објектот, определен во член 5 став (2), член 27 (1), член 30 точка 7, член 33 став (1) се продолжува за период до 07.05.2022 година.

Член 2

Во членот 68 од Договорот за концесија во ставот (2) и (6) зборовите "во рок од 3 години по Датумот на стапување во сила на овој Договор" се менуваат и гласат "заклучно до 07.05.2022 година".

Scanned with CamScanner

Член 3

Овој Анекс, составен дел од Договорот за концесија, е изготвен во 4 (четири) еднакви примероци на македонски јазик, два за Концедентот и два за Концесионерот.

Член 4

Овој Анекс стапува во сила со денот потпишувањето од овластените претставници на договорните страни.

За КОНЦЕДЕНТОТ:

Владата на Република Северна Македонија

Министер за животна средина и просторно планирање

Naser Nuredini

За КОНЦЕСИОНЕРОТ:

"ГЛОБАЛ ЕНЕРЏИ" ДОО Скопје,
Управител-Сашо Митевски

Scanned with CamScanner